# Поддршка за имплементацијата на Стратегијата за Ромите

Бр. 2

Билтен на проектот „Поддршка за имплементацијата на Стратегијата за Ромите“ финансиран од Европската Унија, спроведуван од Конзорциумот ББИ

## *Студиска посета во Брисел*

Обезбедување на богата платформа со знаење за функционирањето на Европските институции во врска со процесот на проширување, но и во врска со прилагодувањето и спроведувањето на своите политики за вклучување на Ромите и унапредување на соработката помеѓу Одделението за Имплементација на Стратегијата и Декадата за Ромите ( ОИСДР) и Кабинетот на Министерот без ресор, беа главните цели на петдневната (13 – 18 ноември 2011) студиска посета во Брисел. Таа беше организирана од проектот со помош на гореспоменатите институции и ЕУ Делегацијата во Скопје. Имајќи ја предвид важноста на европските искуства за нас, акцентот на студиската посета беше токму врз “собирање„ знаење од самите ЕУ институции, организации, групи за застапување и сл. кои можат и треба да се применуваат во нашата земја. Учесници во посетата беа Министерот без ресор, Нежден Мустафа и членовите од неговиот кабинет, Мабера Камбери – Раководител на секторот за координација и техничка поддршка на Министерот за труд и социјална политика, двајца членови на ОИСДР и еден од Секретаријат за Европски прашања.




Студиска посета во Брисел, Белгија
13 – 18 ноември, 2011

Агендата на посетата се состоеше од состаноци со институциите – домаќини, разни организации и мрежи, а резултираше со успех на полето на:

*-Збогатување на знаењето за работењето на организациите и институциите на ЕУ, а како најважно, посетителите ги запознаа различните ЕУ програми за финансирање релевантни за работењето на домашните институции, но и можностите за активност на европско ниво.*

*-Овозможи воспоставување на интернационални контакти, од особена важност за учесниците.*

*-Подобра меѓусебна координација на вработените во институциите (учесници во посетата).*

Во рамките на студиската посета учесниците присуствуваа на шестиот состанок на Европската платформа за вклучување на Ромите што ја организираше Европската комисија. Имаа можност да се стекнат со знаење и искуства за тоа како секоја клучна европска институција го вложува својот максимум во градењето на соодветна европска рамка што води кон успех.

Оваа посета вроди со позитивна реакција од учесниците и од проектниот тим. Особено задоволство изразија заради изборот на институциите што беа посетени оти целите беа постигнати.

## *Семинари : Градење на капацитетите и развој на човечки ресурси на локално ниво за квалитетно спроведување на Стратегијата за Ромите*

Тимот на проектот продолжува со организирање на семинари за обука во насока на реализирање на двете основни проектни компоненти: **1. Зајакнување на оперативната координативна структура за имплементација на Стратегијата за Ромите и 2. Поддршка за имплементацијата на акциони планови со фокус на локални акциони планови.** Во ноември беше организиран семинар за обука за институциите на Европската Унија и процесот на проширување. Декември беше резервиран за семинарите : *Мониторинг и евалуација на локалните акциони Планови* и *ВЕБ комуникација*.

**Преглед на семинари за обука реализирани во изминатите два месеци**

| Наслов | **Место и Време** | **Учесници на семинарите** |
|---|---|---|
| **Институциите на ЕУ** | Скопје, 7 – 8 ноември, 2011 | - ОИСДР;<br>- Кабинет на МбР;<br>- Општински референти<br>- Членови на НКТ |
| **Мониторинг и евалуација на локалните акциони планови** | Скопје, 6 – 7 декември, 2011 | - Членови на Ромските Информативни Центри<br>- Општински референти |
| **ВЕБ комуникација** | Скопје, 19 – 20 декември, 2011 | - Членови на Координативното тело за комуникација ( ОИСДР и кабинетот на МбР ) |



*Обука: Институциите на ЕУ, 7 – 8 ноември 2011*



*Веб комуникација, 19 – 20 декември 2011*



*Мониторинг и евалуација на локални акциони планови, 6 – 7 декември 2011*

## *Конференција: Пристојна работа за Ромите*



Вклучувањето на Ромите во едукативниот систем, подобрувањето на нивното образовно ниво и нивно активно вклучување во спроведувањето на државните политики за вработување – се единствените начини Ромите да станат еднакви на пазарот на трудот и да бидат третирани како што треба на нивните работни место. Ова беа клучните поенти на Меѓународната конференција за вработување: "Пристојна работа за Ромите„ организирана во рамките на Претседателството на земјата со Декадата за Ромите. Ваквите мерки се единствените решенија за премостување на проблемите со вработувањето и конечно земјава да прерасне во подобро место за живеење. Голем број на проекти во рамките на Декадата подржуваат вакви активности. Конференцијата ја отвори Министерот за труд и социјална политика, Спиро Ристовски. По него, Министерот Неждет Мустафа најави дека годинава што доаѓа се очекуваат нови вработувања за Ромите во администрацијата. Досега таа бројка изнесува околу сто и седумдесет.

## *Втора фаза од развојот на ЛАП-ови: Ревизија на постоечките и изработка на нови планови*



Во рамките на втората проектна компонента експертскиот тим започна со ревизија на локалните акциони планови во различни целни општини. Само за потсетување, развојниот процес на ЛАП-овите се состои од следниве чекори:

1. Оценка на напредокот во изработувањето/спроведувањето на локалните акциони планови;

2. Поддршка за ревизија на постоечките планови и изработка на нови;

3. Финансиска поддршка за спроведување на идентификуваните приоритетни мерки на локално ниво;

4. Објавување и дистрибуција на каталог со најдобрите пракси кои се идентификувани при спроведувањето на ЛАП-овите.



*Прва работилница за развој на локални акциони планови – Битола, 13 – 14 декември, 2011*

По завршувањето на првата, фаза на оценување, втората започна со Битола, потоа Берово и Св. Николе каде општините побараа изработка на сосема нови акциони планови во сите четири сфери: домување, здравство, образование и вработување. И во останатите општини постои голем интерес за соработка со проектот. Оваа фаза продолжува со ревидирање на постоечките, како и изготвување на нови за општините Делчево, Пехчево, Кратово, Штип, Кочани, Ранковце, Прилеп, Крива Паланка и Шуто Оризари. Проектот ќе обезбеди и финансиска поддршка за реализација на приоритетите идентификувани во ЛАП-овите, и како што е веќе погоре споменато, ќе биде изработен и каталог со најдобрите практики во овој дел.

*Проектот е финансиран од Европската Унија*

*Проектот се спроведува од Конзорциумот ББИ*

*Содржините на оваа публикација на никаков начин не ги изразуваат гледиштата на Европската комисија*

## Четврт состанок на Управниот комитет на проектот



*4-ти состанок на Управниот комитет на проектот, 3 ноември 2011*

На почетокот на ноември проектот го организираше четвртиот состанок на Управниот комитет. И овој состанок помина успешно и членовите го усвоија третиот Квартален извештај за напредокот на проектот.

## Погледи во иднина: Следни чекори

Во согласност со својата мисија, проектниот тим со своите експерти и натаму ги спроведува планираните активности. Ова се накратко следните чекори за периодот од јануари, 2012 до крајот на проектот, јули 2012:

Со цел зајакнување на оперативните координативни структури и на национално и на локално ниво за спроведување на Стратегијата за Ромите, и натаму ќе се реализираат обуки за градење на капацитетите на вработените во институциите – корисници, од ОИСДР и кабинетот на МбР, членовите на Националното координативно тело, претставници на целните општини, вработените во РИЦ-овите и НВОи.

Ќе се обезбеди поддршка за надградба на документите и процедурите на ОИСДР, кабинетот на МбР, НКТ и РИЦ-овите.

Ќе се обезбеди поддршка за МбР за креирање на специфични политики, за подобрување на соработката со ресорните министерства, зајакнување на дијалогот со граѓанското општество и промовирање на приоритетите на Стратегијата за Ромите како дел од националните и секторските политики.

Како дел од активностите на проектот за подигнување на свеста, ќе продолжи спроведувањето на стратегијата за комуникација, а ќе се остварува преку веќе формираниот Координативен тим за комуникација (КТК). Веб страната на проектот и понатаму ќе се развива и на неа ќе се поставуваат информации и/или резимеа од сите резултати и изданија. Ќе се дистрибуираат флаерите и билтените од проектот.

Ќе продолжи поддршката на МбР и ОИСДР за водење на Претседателството со Декадата за Ромите и спроведување на Програмата за претседателството на Декадата.

Во однос на втората компонента продолжува поддршката за спроведувањето и развојот на ЛАП-овите, но проектот ќе помогне и во градењето на капацитетите на РИЦ-овите.

Претстојни обуки за вработените во ОИСДР во рамките на проектот:

- Приоритети за финансирање од ИПА 2011-2013; генерирање на фондови преку подготовка на проекти и пристап до фондови на ЕУ;
- Последователна обука за мониторинг и евалуација – креирање и користење на техники и алатки за мониторинг и евалуација за поднесување на извештаи за состојбата со спроведувањето на Стратегијата за Ромите;
- Правна анализа и правно пишување;
- Процедури за работа и прирачници за човечки ресурси и администрација.
- Ефективна канцелариска комуникација и подготвување на службена кореспонденција;
- Партнерство и мрежно поврзување; застапување и лобирање.
- Тимска работа и лидерство.

**Тимот на проектот го сочинуваат:**

Тим лидер,
Огниан Друмев

Клучен експерт,
Фернандо Виљареал

Директор на проектот,
Најџел Шекспир

Пом. тим лидер,
Валери Панџаров

Група на краткорочни експерти

Административен персонал:

Татјана Мијовска,

Срѓан Рашити

Марија Илиевска

Енида Садулова

**Повеќе информации за Европската унија на:**

www.europa.eu

European Year of Volunteering 2011

**Контакт за информации:**

Министерство за труд и социјална политика
Даме Груев бр. 14

1000 Скопје

Тел.: 02/32 32 361

E- mail: ODrumev@mtsp.gov.mk

Веб страна : www.mtsp.gov.mk

Оваа публикација е изготвена со помош на Европската Унија. Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на Конзорциумот ББИ и на никаков начин не ги рефлектира гледиштата на Европската Унија.